ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

6

# 1. ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ

**1.1** Поттикнување на локалното претприемништво преку соодветни професионални обуки за невработени лица, како и финансиска и институционална поддршка преку одделението на Локален економски развој (ЛЕР).

За овие активности, од Општина Македонски Брод се планира издвојување на средства во висина до 1.500.000 денари во еден четиригодишен мандат.

*рок за спроведување: 9 месеци од отпочнување на мандатот

**1.2** Привлекување на домашни и странски инвеститори, преку чии претпријатија се планира обезбедување на околу 150 нови работни позиции. Искористување на сите законски механизми и подзаконски акти со кои земјиштето на Општина Македонски Брод ќе биде во функција на стабилизирање на економијата и надминување на административните бариери за отпочнување со економска дејност.

За ова би се издвоиле вкупни средства до 3.000.000 денари во период од четири години.

*рок за спроведување: 12 месеци од отпочнување на мандатот

**1.3** Преземање на активности за поттикнување на развој на туризмот, особено велосипедскиот, планинарскиот и селскиот туризам. За оваа цел ќе се преземаат активности за промоција на туристичките потенцијали со домашни и странски туристички агенции, мрежи на инфлуенсери на социјалните мрежи, како и веб-сајтови од земјава и Балканот и изработка на промотивни флаери за туристичките потенцијали на Општина Македонски Брод.

Следствено на овие активности, ќе се поттикнува и зголемувањето на сместувачки капацитети во Македонски Брод и Поречието, како и планинарски домови (во подножјето на планините Песјак и Даутица).

За оваа намена се планирани средства до 2.500.000 денари во текот на четиригодишен мандат.

*рок на спроведување: од втората година до крајот на мандатот.

**1.4** Преземање активности за зголемена комерцијализација на културните и традиционални манифестации во Општина Македонски Брод, меѓу кои „Покрсти“, „Велигденски Кули“, „Фестивалот на костенот“, како и отворање на можност на активирање на бродската гордост, фестивалот „Распеано бротче“ и негово издигнување на регионално ниво.

За овие активност се планира буџет до 1.200.000 денари годишно. Во исто време приливот од овие манифестации во локалната економија да надминува 1.500.000 денари годишно.

*рок за спроведување: во текот на целиот мандат.

**1.5** Бонуси за вработените со надпросечна продуктивност во локалната самоуправа и јавните претпријатија во Општина Македонски Брод, со што би се поттикнала општинската и јавната администрација на посовесно и поодговорно работење.

За оваа активност би се одвоиле до 100.000 денари од Буџетот на Општина Македонски Брод на годишно ниво.

# 1. ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ

**1.6** Поттикнување на пчеларството и сточарството, преку одредување на „зони за пчеларство" и „зони за сточарство" во руралните средини на општината (Селата: Сyводол, Девич, Локвица, Манастирец, Лаг, Црешнево, Зркле и Самоков).

За поддршка на овие активности ќе се одвојуваат до 600.000 денари годишно.

*рок на реализација: во текот на цел мандат.

**1.7** Спроведување на работни акции со ученици од основните училишта и средното училиште при уредување на запоставени јавни површини како што се засадување дрва и чистење на зелени површини.

# 2. УРБАНИЗАМ

**2.1** Носење на нов ДУП (Детален урбанистички план) за зона 1 со кој би се рационализирал и модернизирал просторот кој е во радиус од 200 метри околу плоштадот во Македонски Брод. Со новиот ДУП планската урбанизација ќе донесе можност за уредување на центарот, изградба на модерни станбени и деловни простори, зелени јавни површни и паркинзи кои ќе бидат во функција на подобрување и на економијата на градот, но и на обезбедување на квалитетен простор за живеење.

За оваа активност, во текот на 24 месеци од добивање на мандатот би се одвоиле средства до 3.500.000 денари.

**2.2** Изградба на тротоари и други типови на патеки на неколку локации во Општина Македонски Брод:

- Ул. Илија Игески – Цветан – тротоар со велосипедска патека во должина од 120 метри;
- Регионален пат Македонски Брод – С. Сyводол - тротоар со велосипедска патека во должина од 1500 метри;
- Обиколница, на потегот од градски гробишта – мост Алкалоид – тротоар/пешачка патека во должина од 1200 метри;
- С. Самоков – на потегот од стара бензинска до крстосница за с. Ковач – тротоар;
- С. Манастирец – на потегот од главниот мост до излез на селото – тротоар;
- С. Манастирец - пристапен пат до селски гробишта и изградба на патека која ќе го поврзува овој пат (бекатон плочки).

**2.3** Локални патишта

- Ревизија на документација за изработката на ул. Душан Митрески во Македоснки Брод, а подоцна и нејзина реконструкција;
- Изградба на потпорен ѕид и пристапен пат за сите жители на ул. Илинденска (десен крак покрај ул. Димитар Влахов) во Македонски Брод;
- Санација на локален пат с. Сланско – с. Дреново со нов асфалтен слој;
- Асфалтирање на пат за с. Бенче;

## 2. УРБАНИЗАМ

- Асфалтирање на пат за с. Рамне.
- Изградба на левиот крај од патот за с. Звечан со бетонски плочки (поради помала фрекфенција на товарни возила по тој пат).

За овие наведени активности би се одвоиле до 5.500.000 денари во тек на еден мандат, а би биле побарани и средства до 15.000.000 денари од Бирото за регионален развој на Р. Македонија.

*рок на спроведување: 24-36 месеци од отпочнување на мандатот.

**2.4** Доуредување на водоводни мрежи и системи за водоснабдување, како и системи за одведување на отпадни води:

- Замена на стари азбестни цевки со нови пластични;
- Ревизија на прокетот „Водовод за с. Манастирец и околните населени места“ и прилагодување на неговиот капацитет за снабдување со питка вода на што е можно поголем број на села во околината на с. Манастирец, меѓу кои селата: Тополница, Лаг, Горни Манастирец со Василковци, Драгов Дол, Могилец и Инче.
- Санација на водоводниот систем во с. Самоков и обезбедување на квалитетна вода за пиење за жителите во селото;
- Враќање во функција на најмалку 75% од капацитетот на колекторскиот систем и изградба на прописни септички јами во с. Самоков за капацитет до 500 жители.

За оваа намена би се одвоиле до 3.000.000 денари од Буџетот на Општина М. Брод и уште најмалку 1.800.000 денари од Буџетот на ЈП Водовод во тек на 36 месеци.

**2.5** Модернизација на депонија „Барбарас“, како и нејзино планско и физичко ограничување и одложување на рециклирачките типови на отпад во посебен дел на депонијата за рециклирање.

За овие активности би се издвоиле до 400.000 денари од буџетот и уште 200.000 денари од буџетот на ЈКП Комунална хигиена во тек на 24 месеци од добивање на мандатот.

**2.6** Санација на дотраени селски водоводи во согласност на итноста и приоритетот.

**2.7** Намалување на трошоците за улично осветлување до 30% во Македонски Брод и с. Самоков преку инсталирање на мрежа на сончеви панели на бандерите со соодветен капацитет за потребата за осветлување на просторот.

За овој проект би се издвоиле средства до 3.000.000 денари во текот на 24 месеци од добивањето на мандатот, од кои 70% ќе бидат од буџетот на општината, а останатите 30% од државните институции кои даваат поддршка на рамномерниот регионален развој на Р.М.

**2.8** Улично осветлување

- Поставување на ново двострано осветлување на ул. Маршал Тито во Македонски Брод;
- Ново улично осветлување на кракот на ул. Маршал Тито на потегот Супермаркет „Ѓерман игри“ до градски базен.

## 2. УРБАНИЗАМ

**2.9** Нова планска урбанизација на градските гробишта во Македонски Брод, како и урбанизација на нова парцела за гробишта во с. Самоков

За оваа намена се предвидуваат средства до 2.500.000 денари во текот на 36 месеци од почнување на мандатот, од кои 80% би се обезбедиле директно од Буџетот на општината.

**2.10** Автобуски станици и постојки

Поставување на автобуски постојки во с. Суводол, с. Манастирец и с. Самоков, како и проширување и модернизација на автобуските постојки во Македонски Брод со сончеви панели кои ќе обезбедуваат светло за постојките, како и струја за полнење на мобилни телефони.

Изградба на нова автобуска станица (најрано во април 2027, а за тој проект би требало да се одвојат над 3.500.000 милиони денари, од кои најмалку 70% од буџетот на Општина Македосnки Брод).

**2.11** Соодветен пристап со патека од бетонски плочки до подрачаното Основно училште во с. Суводол на ОУ „Св. Климент Охридски".

*рок на реализација: 12-15 месеци од отпочнување на мандатот.

# 3. КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ХИГИЕНСКО-ВОДОСНАБДИТЕЛНИ УСЛУГИ

**3.1** Решавање на проблемот со бездомните кучиња преку изградба на регионален стационар во атарот на с. Барбарас, Македонски Брод. 30% од финансирањето на овој прокет би било од буџетот на Општина Македонски Брод, а остатокот од буџетите на соседни општини (Пласница, Долнени и Кичево).

За оваа цел во текот на 24 месеци од буџетот на Општина Македонски Брод се предвидува одвојување на средства до 2.000.000 денари, како и обезбедување на уште 3.500.000 денари од соседните општини и од Министерството за животна средина и прсторно планирање.

**3.2** Прописно обележување на јавни и приватни паркинг места во централното градско подрачје, како и прописно обележување на јавната површина која се дава под закуп на приватни локали кои одвиваат економски активности во градот, со цел уредна наплата на просторот кој се дава на користење.

*Со овие активности се планира во општината да влегуваат над 300.000 денари на годишно ниво.

**3.3** Рециклирање на пластичен, метален, хартиен и стаклен отпад од страна на ЈКП Комунална хигиена Македонски Брод.

Со оваа активност се планира прилив на средства во претпријатието до 600.000 денари годишно.

**3.4** Спојување на ЈП Водовод и ЈКП Комунална хигиена во едно претпријатие, кое би ја зголемило ефикасноста

во работата за над 30%, зголемување на платите на вработените и исплата на над половина од заостанатите обврски во текот на еден четиригодишен мандат.

**3.5** Навремено чистење и санација на атмосферските одводи и локалните канали.

# 4. КУЛТУРА, СПОРТ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

**4.1** Обезбедување на просторија за градска читална во Домот на култура.

**4.2** Организирање на активности во Домот на култура со цел да се зголеми бројот на културни настани како: Кино проекции, театарски претстави и други културни настани.

**4.3** Обезбедување на услови за повеќе активности на Советот на млади во општината, со цел поттикнување на младински активизам.

За активностите на Советот на млади се предвидува одвојување на средства од Буџетот до 250.000 денари годишно.

**4.4** Зголемување на буџетот за општествени, културни и спортски манифестации:

- 50.000 денари годишно за турнир во мал фудбал „Илинден", с. Самоков;
- 150.000 денари годишно за турнир во мал фудбал „Св. Богородица" во Македонски Брод;
- 250.000 денари за промоција на традициите „Велигденски кули" и „Покрсти" кои се одвиваат во деновите на празникот Велигден во Македонски Брод;
- 450.000 денари годишен буџет за промоција и организација на „Фестивалот на костенот" во Македонски Брод;
- 50.000 денари за промоција на манифестацијата „Поречки фармер" во с. Самоков;
- 90.000 денари годишно за поддршка на спортско-адреналински манифестации како „Велоче" и „Самоков екстрим".

**4.5** Одвојување на буџет до 30.000 денари за поддршка на рекреативен спорт на територија на општината.

**4.6** Буџет до 400.000 денари за поддршка на проектни активности на здруженија на граѓани кои се регистрирани во Општина Македонски Брод.

**4.7** Ослободување од партиципација за градинка на родители кои имаат повеќе од две деца, како и родители чии месечни примања не надминуваат 30.000 денари годишно.



# 5. ОБРАЗОВАНИЕ

**5.1** Еднократни стипендии за ученици кои ќе освојат едно од првите три места на државни или меѓународни натпревари со средства во висина од 7.000 – 10.000 денари, како и награда за нивните ментори во вредност до 5.000 денари во основните училишта, како и во средното училиште.

**5.2** Стипендирање на дефицитарен кадар за потребите на локалната самоуправа и подрачните институции со суми од 50.000 денари годишно и склучување на договори за нивен професионален ангажман во општината од најмалку две години по завршување на студиите.

За оваа намена ќе се одвојуваат до 200.000 денари годишно.

**5.3** Финансиска поддршка за активности на СОУ „Св. Наум Охридски“ при обезбедување на пракса и ученички размени од училиштето во земјата и странство.

За оваа намена, општината ќе одвојува до 300.000 денари годишно.

**5.4** Обезбедување на еднократни стипендии за 10 најдобри ученици при СОУ „Св. Наум Охридски“ во висина од 6.000 денари (на крај на училишна година) и еднократни стипендии за 10 ученици во социјален ризик во висина од 4.000 денари на почеток на училишна година.

**5.5** Обезбедување на стипендии за новозапишаните средношколци при „СОУ Св. Наум Охридски“ од 1.200 денари месечно за сите 9 месеци од учењето во прва година во средното училиште.

*За поттикнување на квалитетот на образовните процеси, Општина Македоснки Брод би издвојувала од 1.100.000 – 1.200.000 денари годишно од својот буџет.

# 6. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

**6.1** Поставување на мерни станици за дефинирање на емисијата на штетни PM10 честички во Македонски Брод, с. Суводол и с. Самоков.

**6.2** Редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација, како и миење на јавните површини во градот и во селата: Суводол, Манастирец и Самоков.

За оваа намена ќе се одвојуваат средства од 180.000 – 200.000 денари годишно.

**6.3** Организирање на предавања и трибини за заштита од полово-преносливи болести, превентивни прегледи за заштита од потенцијални карциноми на дојка, како и превенција на карцином на простата.

Организирање на трибини за зголемување на свеста за заштита од пороци (пушење, алкохолизам, наркоманија и коцка).

**6.4** Формирање на наменски солидарен фонд за помош на социјално загрозени граѓани и тешко болни лица, со цел зголемување на достапноста на вакви средства на оние на кои им е најпотребна и растеретување на издатоците за еднократна парична помош која ја исплаќа општината секој месец на граѓани со одлука на Советот.

## 6. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

За овој наменски солидарен фонд, Општина Македонски Брод ќе партиципира со сума од 100.000 денари годишно.

**6.5** Стимулативни мерки за поттикнување на населението да чита книги и поредовно да ја посетува градската библиотека.

Тука спаѓаат:

- 10 бесплатни годишни членарини во градска библиотека;
- Подарување на книги;
- 2 годишни награди од по 3.000 денари за најдобри читатели.

# 7. ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА И МЕРКИ ЗА СОЧУВУВАЊЕ НА ЕКОСИСТЕМОТ

**7.1** Обезбедување на професионална противпожарна опрема за уште најмалку пет пожарникари (целосен комплет на заштитна опрема).

**7.2** Формирање на специјализирани тимови за различни типови на пожар во рамки на моменталните вработени во ТППЕ, како што се:

- Тим за пожар на отворено и шумски пожари составен од 6-7 лица
- Тим за пожари во објекти составен од 4 лица
- Тим за пожари во сообраќај составен од 2-3 лица

**7.3** Еднократни награди од 3.000 денари за професионално и навремено постапување на пожарникарите од ТППЕ Македонски Брод.

**7.4** Редовни тренинзи и меѓународна соработка на ТППЕ Македонски Брод со домашни и странски противпожарни тимови.

**7.5** Давање на поттик за создавање на доброволно противпожарно здружение на граѓани во Македонски Брод и обука на доброволците за помош на тимот за пожари на отворено и шумски пожари.

За оваа намена би се одвојувале од 20.000 – 30.000 денари годишно од буџетот.

**7.6** Вклучување на вработените од противпожарната служба во синдикатот при локалната самоуправа Македонски Брод.

**7.7** Организирање на акции за чистење на пластичниот и тешко разградливиот отпад од коритото на река Треска, како и регионалниот пат Македонски Брод - Самоков.



# 8. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНА САМОУПРАВУВАЊЕ

**8.1** Вработување во локалната самоуправа и подрачните јавни претпријатија врз основа на два дефинирани критериуми:

- Мерит систем;
- Позитивна социјална дискриминација (предност на лица во социјален ризик).

**8.2** Демократизација на општината, како и зголемување на ефикасноста и професионалноста на службите во општината и јавните претпријатија.

**8.3** Транспарентност во работењето на Советот и градоначалникот со навремено објавување на работната документација на веб страната на општината и пренос на седниците на Советот.

**8.4** Донесување на Правилник за изрекување на парични глоби за злоупотреба на функцијата од страна на членовите на Советот, градоначалникот и службениците во општината во износ од 10-30% од месечните примања.

**8.5** Усвојување на Правилник за почитување на договорените рокови при спроведување на одлуките на Советот на општината.



# ЛЕВИЦА

## ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

# 6

# ЛЕВИЦА

## ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД

# 6

levica.mk

@levica_mk

@levica_partija

PartijaLevica

@levica.mk

@levica_partija